ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

T.C. SAYIŞTAY 1862

**ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА**

03-777/1
04. 10. 2018

**меѓу**
**Државниот завод за ревизија на Република Македонија**
**и**
**Судот за ревизија на Република Турција**

Државниот завод за ревизија на Република Македонија и Судот за ревизија на Република Турција (во понатамошниот текст: Страните)

- со цел да ја развиваат меѓусебната соработката,

- раководејќи се од основните принципи на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI) и Европската организација на врховни ревизорски институции (EUROSAI),

- почитувајќи ги мандатите на Страните и законодавството на нивните држави,

- и водејќи се од принципите на рамноправност и соработка за унапредување на државната ревизија и нејзината ефикасност,

се договорија за следното:

**Член 1**

Страните изразуваат интерес и подготвеност за меѓусебна соработка. Главни цели на соработката се:

- спроведување на меѓународните стандарди за ревизија на јавниот сектор и добрата европска пракса;
- развивање на професионална и техничка соработка меѓу Страните, обезбедување на взаемна помош за обука на кадарот, размена на информации и податоци за активностите на Страните;
- размена на искуства за унапредување на методологијата за државна ревизија.

**Член 2**

Страните можат да соработуваат и во други области од заеднички интерес, преку организирање на состаноци на експерти, семинари за клучни прашања кои се однесуваат на јавната финансиска контрола, како и преку вршење на паралелни ревизии или заеднички ревизии во области од заеднички интерес за Страните.

**Член 3**

Резултатите од соработката се заедничка сопственост на Страните. Ограничувања при користење на одредени материјали, кои се заедничка интелектуална сопственост, може да има само доколку истото е регулирано пред почетокот на заедничката работа.

**Член 4**

Страните изразуваат намера за унапредување на соработката на билатерална основа, како и да придонесат за подобрување на ефикасноста на институциите во рамките на INTOSAI и EUROSAI.

**Член 5**

Секоја Страна ќе ги покрива трошоците поврзани со патувањата на своите делегации, освен ако Страните не одлучат поинаку.

**Член 6**

Измените и дополнувањата на овој Договор ќе бидат предмет на претходно одобрување од Страните.

**Член 7**

Овој Договор не може да се толкува како меѓународен договор согласно меѓународното јавно право, ниту пак ќе биде применлив согласно Законот за облигациони односи или Законот за договор кај двете Страни.

**Член 8**

Овој Договор стапува во сила по неговото потпишување. Договорот може да се раскине доколку било која од Страните, во писмена форма, ја обелодени својата намера за прекин на договорот. Известувањето за таквата намера треба да биде доставено еден месец однапред.

Овој Договор е потпишан во два оригинални примероци, секој на македонски, турски и англиски јазик, со подеднакво автентичен текст. Во случај на спор во врска со одредбите на овој Договор, англиската верзија на текстот ќе биде обврзувачка.

Потпишан во Скопје, на 2 октомври 2018 година.

| За Државниот завод за ревизија на Република Македонија | За Судот за ревизија на Република Турција |
| --- | --- |
| **Насер АДЕМИ** | **Seyit Ahmet BAŞ** |
| Заменик главен државен ревизор | Претседател |

Република Македонија Државен завод за ревизија Скопје